РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 27.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1499/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Број: / Numer: 08-102/2
26.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**
**ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE**

OTA

**Republic of North Macedonia**
**OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY**

**До:**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Бул. „11 Октомври" бр.10, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

**За:** г-дин Африм Гаши, претседател

**ПРЕДМЕТ:**
Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за 2025 година, доставува -

Почитуван претседател на Собранието
на Република Северна Македонија,

Во прилог на овој допис, а врз основа на член 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" бр. 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) до Собранието на Република Северна Македонија го доставувам за разгледување Годишниот извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за 2025 година, заведен под број 08-102/1 од 25.02.2026 година.

За сите потребни прашања и образложенија останувам на располагање.

**Прилог:**
Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за 2025 година со број 08-102/1 од 25.02.2026г.

Со почит,

**Drejtuar:**
**KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SE VERIUT**
Bul. „ 11 Tetor" nr. 10, 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

**Për:** z. Afrim Gashi, kryetarë

**LËNDA:**
Raport vjetorë për punën e Agjensisë Teknike Operative për vitin 2025, dorzon –

I nderuar kryetarë i Kuvendit
të Republikës së Maqedonisë së Veriut,

Në shtojcë të kësaj shkrese, ndërsa në bazë të nenit 7 të Ligjit për Agjensinë Teknike Operative („Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 71/18 dhe „Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 98/19) në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriu e dorëzoj për shqyrtim Raportin vjetorë për punën e Agjensisë Teknike Operative për vitin 2025 i arkivuar me numër 08-102/1 nga 25.02.2026.

Për të gjitha pyetjet dhe arsyetimet jam në dispozicion.

**Shtojcë:**
Raportin vjetorë për punën e Agjensisë Teknike Operative për vitin 2025 me numër arkiv 08-102/1 nga 25.02.2026

Me respekt,

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА/AGJENCIA TEKNIKE-OPERATIVE
ДИРЕКТОР/DREJTOR
Марија Јаническа

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Оперативно-техничка агенција / Agjencia teknike-operative
СКОПЈЕ / SHKUP

Изработено во два (2) примерока и доставено до:
Përpiluar në 2(dy) ekyemplarë origjinal dhe dorëzuar:
- Писарница на ОТА/Sekretarisë së ATO-s
- Собрание на РСМ/Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut


Ул.Васил Иљоски бр.6 1000 Скопје - Центар
Rr.Vasil Iljoski nr.6 1000 Shkup - Qendër
St.Vasil Iljoski nr.6 1000 Skopje - Center
www.ota.mk
info@ota.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Бр./Nr. 08 – 102/1
25.02. 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА 2025 ГОДИНА

## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА

Скопје

февруари, 2026 година

# СОДРЖИНА

НАСЛОВНА СТРАНА ........ страна 1

СОДРЖИНА ........ страна 2

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРКАТА НА ОТА ........ страна 3

КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ........ страна 4

I. ЛЕГИСЛАТИВА, НАДЛЕЖНОСТИ И ОСНОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ........ страна 5

II. АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ........ страна 6

*1. Број на активирани комуникации за потребите на овластените органи* ........ страна 6

*2. Број на активирани комуникации за секој овластен орган одделно* ........ страна 6

*3. Состојбата и констатираните наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите* ........ страна 9

*4. Број на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА* ........ страна 11

*5. Финансиско работење* ........ страна 12

III. НАДЗОР И КОНТРОЛА ........ страна 16

IV. СОРАБОТКА ........ страна 17

V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ страна 19

VI. ОБЈАВУВАЊЕ ........ страна 20

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ НА ДИРЕКТОРКАТА НА ОТА



*Со чувство на одговорност и институционална посветеност, го доставувам овој Годишен извештај за работата на Оперативно-техничката агенција за 2025 година, кој ги опфаќа активностите, постигнатите резултати и предизвиците во работењето на ОТА во текот на извештајниот период.*

*Овој Годишен извештај има двојна цел: да ја исполни законската обврска за отчетност пред Собранието и да испрати јасна порака до јавноста дека системот функционира во рамки на правото, со механизми за институционален надзор и со јасна ориентација кон заштита на демократските вредности.*

*Извештајот дава преглед на реализираните активности и применетите методологии. Истовремено, тој претставува основа за понатамошно унапредување на процесите, регулативата и меѓуинституционалната координација.*

*Во време на засилени безбедносни предизвици и забрзана дигитална трансформација, заштитата на државата, кривичната правда и почитувањето на човековите слободи и права не се спротивставени вредности, туку заемно условени принципи врз кои се темели современото демократско и безбедно општество. Во таа рамка, Оперативно-техничката агенција ја остварува својата надлежност како институција со јасна стратешка улога – да обезбеди систем во кој спроведувањето на мерките за следење на електронските комуникации се одвива законито, технички сигурно и институционално контролирано.*

*Довербата на јавноста претставува наша суштинска стратешка определба, а нашата основна мисија е недвосмислена: воспоставување и одржување на систем кој гарантира дека секоја мерка се спроведува исклучиво врз основа на закон по претходно издадена судска наредба, во строго контролирана безбедносна околина и со целосна заштита на интегритетот на податоците, постапката и техничките системи.*

*Во остварувањето на својата мисија, ОТА се стреми кон усогласување со националните и меѓународните безбедносни стандарди, вклучително и со стандардите на НАТО. Примената на современа технологија, дигитализацијата на процесите, воспоставувањето на прецизни процедури и обезбедувањето на стручен-квалификуван и доверлив кадар претставуваат столбови на систем кој мора истовремено да биде ефикасен и контролиран.*

*Остануваме цврсто посветени на градење стабилен, безбеден и правично регулиран систем, уверени дека само преку професионално, контролирано и одговорно спроведување на доверените надлежности може да се одржи трајна доверба – доверба во институциите, во правниот поредок и во државата како систем кој е доволно силен да обезбеди безбедност и доволно одговорен да ги чува правата, слободите и достоинството на сите граѓани.*

*Со почит,*
*Марија Јаническа*
*Директор на Оперативно-техничката агенција*

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ЗОТА | Закон за Оперативно-техничка агенција |
| ЗСК | Закон за следење на комуникации |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗЕК | Закон за електронските комуникации |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на личните податоци |
| ЗКИ | Закон за класифицирани информации |
| ПИМ | посебни истражни мерки |
| АЕК | Агенција за електронските комуникации |
| ДБКИ | Дирекција за безбедност на класифицирани информации |
| НАТО | NATO (North Atlantic Treaty Organization) |
| NOS | (NATO Office of security) |
| DCAF | Geneva Centre for Security Sector Governance |

# I. ЛЕГИСЛАТИВА, НАДЛЕЖНОСТИ И ОСНОВИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Оперативно-техничката агенција - ОТА е основана со Законот за ОТА како самостоен и независен државен орган. Со Законот се уредуваат основањето, надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА. Во рамките на своите законски надлежности, ОТА е должна на сопствен трошок да обезбеди и одржува опрема и медијациски уреди со цел создавање и активирање на технички услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите, согласно со закон. ОТА дејствува како посреднички орган кој обезбедува технички поврзаност и премин помеѓу операторите и овластените органи со цел спроведување на следењето на комуникациите единствено врз основа на судска наредба, како за потребите на кривичните истраги, така и за заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата, во согласност со Законот за кривичната постапка и Законот за следење на комуникациите и без пристап до содржината на следената комуникација. Притоа, ОТА воспоставува мерки и процеси за избегнување на внатрешни и надворешни компјутерски упади и хакирање и злоупотреба. Како дел од своите законски надлежности, ОТА врши стручен надзор над работата на операторите за што директорот на ОТА од редот на работниците во ОТА формира Комисија за стручен надзор.

Покрај со ЗОТА, за надлежностите, постапката за спроведување на надлежноста и обврските на ОТА од значење се и Законот за кривична постапка (ЗКП) и Законот за следење на комуникациите (ЗСК), Законот за електронски комуникации (ЗЕК), Законот за класифицирани информации (ЗКИ), Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП), како и останати позитивно-правни прописи за соодветните области.

Согласно со член 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција („Службен весник на Република Македонија" број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), директорот на ОТА до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на ОТА за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Во насока на исполнување на законската обврска, изготвен и доставен на разгледување е овој Годишен извештај за работата на ОТА за извештајниот период од 1ви јануари до 31ви декември 2025 година. Покрај доследноста при исполнувањето на законската должност, целта на овој Годишен извештај е транспарентно и отчетно информирање на надлежните авторитети и јавноста за состојбите, за преземените активности и постигнатите резултати од страна на ОТА во извештајниот период.

# II. АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Овој Годишен извештај за работата на ОТА содржи прецизни податоци собрани и обработени од различи организациони единици во рамките на ОТА во текот на целиот извештаен период, а кои се однесуваат на законски задолжителните елементи што треба да ги содржи годишниот извештај наведени во членот 7 став 3 од ЗОТА како што се податоци за:

- бројот на активирани комуникации за потребите на овластените органи,
- бројот на активирани комуникации за секој овластен орган одделно,
- состојбата и констатираните наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите,
- бројот на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА,
- финансиското работење на ОТА.

## *1. Број на активирани комуникации за потребите на овластените органи*

Во текот на 2025 година, ОТА технички посредуваше во активирање на вкупно 259 комуникации за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија.

## *2. Број на активирани комуникации за секој овластен орган одделно*

Во извештајниот период од 01.01.2025 заклучно со 31.12.2025 година со техничко посредство на ОТА беа активирани:

- 182 комуникации за потребите на Министерството за внатрешни работи;
- 22 комуникации за потребите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Согласно со член 7 став (3) алинеја 2 од ЗОТА, во овој број не се наведува бројот на активираните комуникации за потребите на безбедноста и одбраната.

*Методолошки пристап при известувањето*

Со оглед дека во релевантната регулаторна рамка не постои експлицитно пропишана, стандардизирана и детерминирана методологија за евидентирање и прикажување на податоците, сметаме за потребно да се даде појаснување на методологијата што е применета при известувањето. Имено, отсуството на формално утврдена методолошка шема наметнува потреба за институционално одговорен пристап, заснован врз начелата на законитост, конзистентност, транспарентност во рамки на доверливоста и функционална точност. Токму поради тоа, применетата методологија е конципирана така што обезбедува јасни критериуми за евидентирање, репродуктивност на податоците и усогласеност со целта на известувањето утврдена со закон, притоа водејќи сметка за ограничувањата што произлегуваат од доверливиот карактер на информациите.

Со ова образложение се цели да се обезбеди целосна разбирливост на пристапот што е применет, да се избегнат можни различни толкувања во однос на бројките и да се потврди дека методологијата е воспоставена како рационален и правно одржлив инструмент за точно и доследно прикажување на релевантните податоци.

Како ***„број на активирани комуникации“*** методолошки е прикажан бројот на сите комуникации што се активнирани врз основа на примени судски наредби во ОТА за спроведување на мерките следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во текот на извештајната година, односно во периодот од 1ви јануари до 31ви декември 2025 година во кои се вклучени и мерките за потребите на кривичните истраги (ПИМ) и мерките заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата.

Како ***„активирани комуникации“*** се прикажани сите ново-активирани комуникации во извештајната календарска 2025 година со определен единствен неповторлив параметар-идентификациски број содржан во судската наредба.

Со оглед на законската формулација ***„за потребите на овластените органи“***, како и *„бројот на активирани комуникации* ***за секој овластен орган одделно“***, методолошки во извештајот прикажаниот број на активирани комуникации се препишува на иницијаторот на мерката, односно органот кој ја предложил и за чија потреба е спроведена мерката, односно припадност на мерката кон органот кој ја побарал без откривање на техничките средства преку кои се спроведени мерките. Ваквото известување ја рефлектира функционалната димензија на мерката – за кој орган е спроведена, неоткривајќи ги конкретните ресурси или техничките средства кои биле употребени, што ја зачувува доверливоста и оперативната тајност на агенцијата и на овластените органи без навлегување во техничката имплементација или ресурси кои биле користени. Со овој пристап се овозможува точна статистичка и оперативна

евиденција за активирани комуникации, која служи како основа за контрола, анализа и годишно известување до Собранието на Република Северна Македонија, истовремено обезбедувајќи законска усогласеност со ЗОТА, ЗСК, ЗКП и подзаконските акти, како и точно известување и зачувување на доверливоста на спроведените мерки без компромитирање на анонимноста и безбедноста на судските наредби.

Имено, содржината на судската наредба за спроведување на посебните истражни мерки за следење и снимање на електронските комуникации е јасно уредена во член 257 од *Законот за кривична постапка*, каде што ставот (4) предвидува дека анонимизираниот примерок на наредбата, кој се доставува до Оперативно-техничката агенција (ОТА), мора да ги содржи: бројот на наредбата и органот кој ја издал, техничките средства кои ќе се применат, времетраењето на посебната истражна мерка, како и идентификациски податоци за телекомуникацискиот систем или телефонскиот број, вклучувајќи посебни идентификациски броеви за секој од нив. Ова, исто така е уредено и во член 4 став (2) од *Правилникот за начинот на анонимизација на наредбата за определување на посебна истражна мерка, односно на привремената писмена наредба за определување на посебна истражна мерка и за начинот на евидентирањето во уписникот во судот на анонимизираните примероци од наредбата* објавен во „Службен Весник на РМ" бр.200/2018, донесен од Министерот за правда. Преку анонимизација на чувствителните податоци од судската наредба се обезбедува баланс меѓу оперативната ефикасност на мерката и заштитата на правата на граѓаните.

Применетата методологијата ја балансира потребата за правна отчетност и транспарентност со оперативната тајност и безбедност, при што се брои органот кој ја предложил мерката, а не субјектот кој технички ја спровел. Ваквото известување претставува рационален и практичен начин за имплементација на законските одредби, обезбедувајќи прецизност, сигурност и заштита на чувствителните податоци. Појаснувањето е во насока на отчетно и прецизно известување истовремено превенирајќи од нејасностии кои можат да бидат предизвикани при евентуална можност да се јават разлики во бројките кога овластените органи известуваат за активирани комуникации.

## 3. Состојбата и констатираните наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите

Во извештајниот период на календарската 2025 година, од страна на Комисија за стручен надзор од редот на работниците во ОТА, беа реализирани повеќе координирани и систематски надзорни посети кај телекомуникациските оператори и тоа: Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ ШТИП, Друштво за телекомуникации и услуги НЕОТЕЛ АД увоз-извоз Скопје, Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје и Друштво за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје.

Предметот на стручниот надзор опфати проверка на исполнетоста на законските и подзаконските обврски, како и утврдување на фактичката состојба на терен во смисла на стручен надзор над употребата на техничката опрема и електронските комуникациски водови кои служат за поврзување на ОТА и операторот (член 32 став 2 од ЗОТА) и на техничката и административната усогласеност на работењето на операторот во примената на обврските на операторите дефинирани во член 68 и член 65 ставови 1, 2 и 3 од ЗСК, Правилникот за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршење стручен надзор од ОТА бр. 10-478/1 од 27.08.2019 година („Службен весник на РМ"бр. 182/19), како и Правилникот за мерките и стандардите за информациска безбедност кои се должни да ги применуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги во врска со обврските за спроведување на мерките за следење на комуникациите бр. 10-475/1 од 27.08.2019 година.

Надзорните посети беа спроведени согласно однапред утврдена методологија, заснована врз претходно доставени листи за проверка, кои по нивното пополнување од страна на телекомуникациските оператори претставуваа основа за аналитичка обработка и компаративна евалуација на податоците со регулативните барања од страна на Комисијата. Покрај административната проверка на доставената документација, беа извршени и непосредни теренски увиди и проверки, со цел да се обезбеди целосна, објективна и веродостојна слика за фактичката состојба. Овој интегриран пристап, кој ги обединува документарната анализа и непосредната теренска проверка, овозможи реално согледување на состојбите во пракса. Преку ваквата комбинација беше обезбедена детекција на состојбите, идентификување на потенцијалните слабости и констатирање на утврдените наоди.

По завршувањето на надзорните проверки, за секој од операторите беше изготвен Извештај за работата на операторот.

Со оглед на доверливата класифицирана природа на Извештаите и содржината што ја опфаќаат, деталите од истите не се предмет на јавно објавување.

Извештаите се доставени до секој од операторите со напомена дека е должен да постапи по наодите и укажувањата на Комисијата изнесени во Извештајот веднаш и без одлагање, со цел отстранување на утврдените недостатоци и усогласување со важечката правна рамка.

Извештаите за работата на операторите, ОТА ги достави до надлежните органи и субјекти односно до Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија, до Владата на Република Северна Македонија и до Агенцијата за електронски комуникации, со што се обезбеди институционална информираност и можност за понатамошно постапување.

Дел од операторите веќе пристапија кон исполнување на укажувањата и преземање корективни мерки во согласност со констатираните наоди.

По спроведувањето на стручниот надзор од страна на Комисијата на ОТА, во насока на обезбедување на законитост, транспарентност и правна сигурност во процесот на контрола и санкционирање, понатамошните постапки за надзор, како и евентуалните прекршочни мерки, се спроведуваат во согласност со член 73 од Законот за електронски комуникации (ЗЕК) односно надзорот над спроведувањето на обврските на операторите го врши Агенција за електронски комуникации, согласно закон, опфаќајќи контрола на исполнетоста на законските обврски, спроведување проверки и констатирање евентуални неправилности. Согласно став (2) од истиот член 73, прекршочната постапка за прекршоците утврдени со ЗЕК ја води и прекршочната санкција ја изрекува надлежен суд. Со тоа е воспоставена јасна поделба на улоги: ОТА врши технички стручен надзор, АЕК како регулатор врши надзор и иницира постапки, додека судот одлучува за одговорноста и ја определува санкцијата, што треба да обезбеди институционална рамнотежа, законитост и процесни гаранции, а евентуалното преземање на соодветни прекршочни мерки треба да претставува инструмент за обезбедување еднаква примена на прописите и зачувување на интегритетот на пазарот.

Покрај редовните, наменски и систематски стручни надзори што се спроведуваат над операторите од страна на Комисијата на ОТА, во рамките на тековните оперативни активности се одвива континуирана и координирана комуникација поврзана со сите редовни технички и функционални процеси во мрежите.

Во услови на динамичен технолошки развој, страните редовно спроведуваат активности како што се ажурирања, закрпи, зановување и замена на опрема, воведување и тестирање на нови сервиси, како и имплементација на функционални и регулаторни измени. Овие процеси, по

својата природа, имаат потенцијално влијание врз инфраструктурата од интерес и врз техничките предуслови за законско и безбедно спроведување на мерките.

Оттука, паралелно со редовните надзори, се одвива постојана, стручна и координирана размена на информации, како и проверки на релевантната инфраструктура. Целта на ваквиот пристап е да се обезбеди континуитет, стабилност и функционална усогласеност на системите, без прекин или компромитирање на законските и безбедносните стандарди.

Пристапот на проактивна комуникација и техничка координација претставува суштински дел од системот на превентивен надзор, овозможувајќи навремено идентификување на евентуални ризици, усогласување со регулаторните барања и гарантирање дека сите промени во инфраструктурата се спроведуваат на начин кој ја зачувува сигурноста, доверливоста и интегритетот на процесите и податоците.

## 4. Број на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА

Во извештајниот период во календарската 2025 година, беше спроведена вкупно 1 (една) дисциплинска постапка за работник во ОТА.

Постапката беше поведена врз основа на утврдени околности за повреда на работен ред и дисциплина и непочитување на работните обврски, во смисла на член 82 став (1) точка 1) од Законот за работни односи, како и согласно со интерниот Правилник за начинот на водење на дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска и/или материјална одговорност поради кршење на работниот ред и дисциплина и работни обврски во оперативно-техничката агенција, видови одговорност и видови дисциплински мерки.

Водењето и спроведувањето на постапката беше реализирано во согласност со важечките законски прописи, колективни договори, интерните акти и принципите на правичност, објективност и еднаков третман, со обезбедување и почитување на правото на одбрана на работникот.

ОТА се залага за висок степен на дисциплина и одговорност кај вработените како еден од начините за одржување на институционалниот интегритет, професионални стандарди и доверба во системот. На спроведувањето на дисциплинските постапки се смета не само како исклучива цел за изрекување на санкција, туку како механизам за унапредување на организациската култура, јакнење на одговорноста и превенција од идни отстапувања, со заложба за нивно практикување со доследно почитување на пропишаните гаранции и права на работниците.

## 5. *Финансиско работење*

Самостојниот и независен статус на ОТА се манифестира и преку начинот на нејзиното финансирање, уредено со член 33 од ЗОТА и член 31 од ЗЕК.

Средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, предвидени со Годишниот финансиски план на ОТА, се обезбедуваат:

- од Буџетот на Република Северна Македонија (т.н. расходи од основен буџет).
- од надоместоците на Агенцијата за електронски комуникации (т.н.расходи од самофинансирачки активности), согласно со член 31 од ЗЕК, каде е уредено дека АЕК е должна дел од средствата остварени од приходите од надоместоците да ги пренесе како средства наменети за финансирање на дејноста на Оперативно-техничката агенција, заради обезбедување на соодветни финансиски, човечки и технички ресурси со цел Оперативно-техничката агенција да може да ги спроведе надлежностите утврдени со Законот за оперативно-техничка агенција и Законот за следење на комуникациите и тоа:
    - 50% од вкупните реализирани приходи кои АЕК ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци кои операторите ги плаќаат за надзор на пазарот, утврдени во годишниот извештај за работа на АЕК за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на АЕК и
    - 10% од вкупните реализирани приходи кои АЕК ги остварила за претходната календарска година од приходите од годишните надоместоци за користење на радиофреквенции од страна на имателите на одобренија за користење на радиофреквенции, утврдени во годишниот извештај за работа на АЕК за претходната календарска година, усвоен од Комисијата на АЕК.

Надоместоците од АЕК, ОТА ги користи врз основа на претходно одобрен Годишен финансиски план на ОТА од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија. Согласно со ЗЕК, АЕК е должна предвидените износи утврдени во годишниот извештај за работа на АЕК за претходната календарска година усвоен од Комисијата на АЕК, да ги исплати на ОТА најдоцна до 15 април во тековната година.

Годишниот финансиски план за 2025 година на Оперативно-техничката агенција – ОТА за средствата од надоместоците од Агенцијата за електронските комуникации беше предложен и усвоен на четвртата седница на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија која се одржа на 14 април 2025 година.

*Буџет на Оперативно-техничка агенција за 2025 година*

Во текот на буџетската 2025 година од аспект на обезбедување средства во Буџетот на ОТА се донесени следните акти:

1. *Буџет на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/2024);*
2. *Изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/2025);*
3. *Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.246/2025).*

Прегледот на донесувањето, измените и дополнувањата на Буџетот на ОТА во текот на 2025 година се прикажани во табелата 1, а структурата на целокупниот финален Буџет на ОТА за 2025 година, по сметки е прикажан со графиконот 1.

| СТРУКТУРА НА БУЏЕТ | СМЕТКА | БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА[1] | ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[2] | ОДЛУКА ЗА ПРЕРАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА ПОМЕЃУ БУЏЕТСКИТЕ КОРИСНИЦИ НА ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ И ФОНДОВИТЕ[3] | ФИНАЛЕН БУЏЕТ НА ОТА ЗА 2025 ГОДИНА | ВКУПНА РАЗЛИКА И КОРИСТЕЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | а | б | в | г=б+в | |
| РАСХОДИ НА ОСНОВЕН БУЏЕТ | 630 | 79.046.000,00 | 77.046.000,00 | -5.646.000,00 | 71.400.000,00 | - 7.646.000,00 |
| РАСХОДИ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ | 787 | 133.000.000,00 | 133.000.000,00 | 0,00 | 133.000.000,00 | Распределени согласно со Годишен финансиски план за 2025 ОТА за средствата од надоместоците од АЕК усвоен на 4[та] седница на собраниската Комисија одржана на 14 .04.2025 г. |
| ВКУПНО РАСХОДИ | | 212.046.000,00 | 210.046.000,00 | -5.646.000,00 | 204.400.000,00 | |

*Табела 1. Буџет на Оперативно-техничката агенција за 2025 година*

[1]Службен весник на РСМ бр.254/2024
[2] Службен весник на РСМ бр.151/2025
[3] Службен весник на РСМ бр.246/2025




*Графикон 1. Структура на финален Буџет на ОТА за 2025 година по сметки*

## *Реализација на Буџетот на Оперативно-техничка агенција за 2025 година*

Од вкупно одобрените средства во износ од 204.400.000,00 во Буџетот на ОТА за 2025 година, во извештајниот период беа реализирани средства во вкупен износ од 85.043.618,00 денари, односно стапката на реализација од 41,61%, при што реализација на Буџетот по сметки е како што следи:

- од расходите на основен Буџет во 2025 година реализирани се вкупно 69.882.650,00 денари, што претставува 97,87% од вкупниот износ на одобрени средства,
- од расходите од самофинансирачки активности, во 2025 година реализирани се вкупно 15.160.968,00 денари, што претставува 11,40% од вкупниот износ на одобрени средства. Нереализираниот износ од средствата согласно Закон за буџетите на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2026 година.

Реализацијата на планираните средства на буџетот на ОТА за 2025 година, по ставки е прикажана во Табела 2, а струкурата на процентуалната реализација по ставки е прикажана во Графикон 2.

| Ставка | Подставка | Реализирани износи по ставки во денари |
|---|---|---|
| 40-плати и надоместиоци | 401 | 22.877.820,00 |
| | 402 | 10.874.208,00 |
| | 404 | 284.556,00 |
| 42-Стоки и услуги | 420 | 421.934,00 |
| | 421 | 2.234.624,00 |
| | 423 | 239.482,00 |
| | 424 | 32.891.190,00 |
| | 425 | 10.851.724,00 |
| | 426 | 413.672,00 |
| 48 -Капитални расходи | 480 | 2.392.533,00 |
| | 485 | 1.561.875,00 |
| ВКУПНО | | 85.043.618,00 |

***Табела 2- Реализацијата по ставки на буџетот на ОТА за 2025 година***




***Графикон 2. Реализација на Буџет за 2025 година по ставки***

Презентираните податоци прикажуваат дека поголемиот дел од Буџетот, односно 55% од вкупниот Буџет се реализирани на ставка 42-Стоки и услуги, од каде поголемиот износ на средства се искористени за сместување и за реализација на законската надлежност на ОТА за одржување на опрема и медијациски уреди со цел создавање услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

## III. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА се врши од страна на: Собранието на Република Северна Македонија, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекцијата за заштита на лични податоци и Народен правобранител на Република Македонија, како и Советот за граѓанска контрола, додека контрола на законитоста на спроведувањето на мерката за следење на комуникации, на овластените органи, операторите и ОТА вршат: јавниот обвинител кој ја води истрагата и судијата на претходна постапка кој ја издал наредбата за посебната истражна мерка согласно со закон, односно Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и судијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој ја издал наредбата за следење на комуникациите.

Во текот на извештајниот период во ОТА беше извршен редовен инспекциски надзор од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, како дел од годишната програма на ДБКИ за 2025 година за надзори во безбедносниот сектор. По спроведувањето на надзорот од страна на ДБКИ беше констатирано дека ОТА ги има преземено потребните мерки и активности за заштита на класифицираните информации и исполнети се посебните услови и критериуми за ракување/чување на национални класифицирани информации до степен на класификација „ДРЖАВНА ТАЈНА“ и донесено е Решение според кое не се утврдени неправилности и недостатоци во работењето на ОТА како субјект на надзор.

# IV. СОРАБОТКА

➢ Во рамки на воспоставената соработка со DCAF – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор како дел од програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026), во јуни 2025 година, во организација на Оперативно-техничката агенција, а со поддршка на DCAF беше реализиран еднодневен стручен настан на тема: *Поддршка и поттикнување на користењето на воспоставениот акредитиран систем за пренос на класифицирани информации: Предности, можности и предизвици.*

Настанот претставуваше продолжение на институционалните напори за унапредување на сигурната и стандардизирана комуникација меѓу релевантните субјекти вклучени во процесот на иницирање, одобрување и спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Во фокусот на настанот беше практичната примена на веќе воспоставениот и акредитиран систем, кој обезбедува технички и безбедносно валидирана платформа за подготовка, размена и на документација што се разменува во процесот до издавање на судска наредба за спроведување на мерките и што содржи класифицирани информации. Учесници на настанот беа највисоките раководства на Министерството за внатрешни работи, Бирото за јавна безбедност, Министерстото за одбрана – Директорат за безбедност и разузнавање во одбраната, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Агенцијата за национална безбедност, судии од Врховниот суд, претседател и судии од Основниот кривичен суд Скопје, надлежни Јавни обвинители од ЈОРСМ, ОЈО ГОКК, ОЈО Скопје, администратори и претставници практичари од секоја од институциите. Нивното присуство овозможи отворена дискусија за практичните аспекти на примената, предизвиците во секојдневното работење и можностите за понатамошна оптимизација на процедурите.

Основната цел на настанот беше поттикнување на пошироко и поконзистентно користење на системот како алатка што гарантира:

- сигурен пренос на класифицирани информации;
- намалување на ризиците од неовластен пристап или компромитација на податоци;
- скратување на временските рокови во процесот на институционална комуникација;
- воспоставување на трајна електронска трага (audit trail) и јасна одговорност во секоја фаза од постапувањето.

Преку презентирање на техничките капацитети, безбедносните стандарди и практичните придобивки од системот, беше нагласено дека неговата целосна употреба претставува предуслов за унапредување на ефикасноста и правната сигурност во постапките што подразбираат размена на чувствителни податоци.

Посебен акцент беше ставен на потребата од унифициран и координиран пристап, при што системот беше препознаен како заедничка институционална платформа, а не како техничко решение во изолација. Во таа насока, беше истакнато дека неговата ефективност директно зависи од степенот на прифатеност, редовноста во користењето и доследното почитување на воспоставените протоколи. Настанот е значаен чекор кон зајакнување на меѓу-институционалната доверба и консолидирање на безбедносната култура во процесите поврзани со размена на класифицирани информации. Поддршката од DCAF дополнително придонесе кон афирмирање на принципите на добро управување, отчетност и усогласеност со меѓународните стандарди во областа на безбедносниот сектор.

Како клучен предизвик беше идентификувана потребата од понатамошна едукација, техничка поддршка и институционална координација, со цел системот да стане доминантен канал за комуникација во предметните постапки. Истовремено, беше нагласено дека неговата целосна примена претставува инвестиција во зголемена сигурност, подобра заштита на класифицираните податоци и унапредување на ефикасноста во постапувањето.

- Во октомври 2025 година, во седиштето на ОТА беше реализирана официјална средба меѓу директорката на ОТА Марија Јаническа и директорот на Канцеларијата за безбедност на НАТО (NOS) Гејлен Нејс, на кој состанок уште еднаш беше потврдена заедничката определба за натамошно продлабочување на партнерството во рамките на НАТО. Средбата опфати прашања од стратешко значење, при што особен фокус беше ставен на трансформациските процеси што ги спроведува ОТА, насочени кон технолошка модернизација и целосна дигитална интеграција во согласност со стандардите на НАТО. Соговорниците разменија мислења и за вложувањата во безбедна критична инфраструктура, вклучително и за унапредувањето на стручните и професионалните капацитети, како и за зајакнување на механизмите за размена на експертиза и добри практики. Беше потврдена заедничката согласност за понатамошна координирана соработка во насока на јакнење на капацитетите од стратешки интерес за државата и НАТО.

- ОТА остварува отворена комуникација со Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите при Собранието на Република Северна Македонија и тоа не ограничувајќи се само на стандардните годишни извештаи и финансиски планови, туку вклучува и вонредни известувања, наменети за евидентирање и известување за актуелни предизвици, утврдени состојби и потребата од автентично толкување и навремено адаптирање на регулативата. Сметаме дека ажурното и координирано известување овозможува проактивна институционална одговорност. Вонредните известувања претставуваат инструмент за брза идентификација на слабости, анализа на оперативните ризици и иницирање на мерки за нивно елиминирање, со што се зајакнува довербата во системот и се обезбедува доследна примена на регулативата.

# V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Сумирањето на реализираните активности, постигнатите резултати и детектираните предизвици во текот на извештајниот период овозможува јасно согледување дека системот функционира во рамки на воспоставената правна и безбедносна архитектура, при што се одржува континуитет во примената на принципите на законитост, контролираност и заштита на интегритетот на процесите.

Сепак, современите безбедносни и технолошки динамики наметнуваат потреба од постојана адаптација, прецизирање на регулативата, продлабочување на координацијата меѓу институциите и јакнење на културата на одговорност кај сите чинители. Во таа насока, заклучоците што следат не се само ретроспективен осврт, туку претставуваат стратегиска рамка за идно делување — ориентирана кон унапредување на ефикасноста, јакнење на механизмите на спреги и кочници, гарантирање на човековите права и зацврстување на јавната доверба.

Во таа смисла, врз основа на извршената анализа и согледаните состојби, можат да се изведат следните приоритети кои произлегуваат од тековните предизвици, но и од стратешката потреба, како неопходни насоки за унапредување во периодот што претстои:

- **Обезбедување и задржување на стручен кадар со специфични квалификации**
  Еден од најзначајните предизвици претставува привлекувањето и задржувањето на високо квалификуван кадар со специфични технички, безбедносни и аналитички компетенции. Спецификата на работата, високото ниво на доверливост и одговорност, како и потребата од постојана технолошка надградба, бараат создавање соодветни услови за професионален развој и мотивација.
- **Унапредување и прецизирање на регулаторната рамка**
  Континуираното подобрување на нормативната основа претставува клучен предуслов за јасност, правна сигурност и институционална предвидливост. Технолошкиот развој и еволуцијата на комуникациските системи наметнуваат потреба од усогласување, дополнување и прецизирање на постојната регулатива, со цел да се елиминираат евентуални недоречености и да се обезбеди целосна хармонизација со новите текови. Само стабилна и прецизна правна рамка може да гарантира доследна примена на принципите на законитост, пропорционалност и отчетност.
- **Зајакнување на системската меѓуинституционална соработка**
  Ефикасноста на системот зависи од функционалната поврзаност и јасната поделба на надлежности меѓу институциите. Координираниот пристап кон заштитата на јавниот интерес подразбира воспоставување на стабилни механизми на комуникација, усогласени методологии и синхронизирано постапување, со цел избегнување на преклопувања и обезбедување на конзистентност во системот.

Справувањето со овие предизвици не претставува изолиран процес, туку заедничка меѓу-институционална обврска.

Овој годишен извештај, во својата заклучна димензија, ја реафирмира определбата за изградба на стабилен, технолошки современ и нормативно прецизен систем, кој ќе биде отпорен на ризици, транспарентен во рамки на дозволеното и доследен во заштитата на јавниот интерес. Само преку континуирана реформа, професионална одговорност и институционална синергија може да се обезбеди долгорочна одржливост и легитимитет на системот.

## VI. ОБЈАВУВАЊЕ

Овој Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција - ОТА за 2025 година, во законски предвидениот рок, се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија и истиот се објавува на видливо место на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија www.sobranie.mk и на интернет страницата на ОТА www.ota.mk.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА
ДИРЕКТОР
Марија Јаническа

Изработено во три оригинални примерока и доставено до:

- Собрание на Република Северна Македонија, 1 примерок
- Писарница на ОТА, 2 примерока